# Се краде од жичените контејнери

## Повеќе садови за пластични шишиња се оштетени или превртени од диви собирачи на ПЕТ-амбалажа



Таканаречените екоострови станаа оази за крадците

Жичените контејнери, наменети за пластични шишиња, односно ПЕТ-амбалажа, се почесто се мета на дивите собирачи, се жалат од Јавното претпријатие „Комунална хигиена“. Според „Комунална хигиена“, оштетени се 12 контејнери, скршени се три катанци на вакви контејнери, на неколку им се развлечени жиците, а повеќе од нив се превртени. Дивите собирачи од продажбата на овие шишиња заработуваат некој денар.

- Крадците носат помали деца, кои може да ги протнат рацете низ мрежата и да ги извадат шишињата од контејнерите или, пак, ги кршат катанците и ги превртуваат. Дури и се случуваат инциденти меѓу нив и нашите луѓе што ги сервисираат жичените контејнери - нагласува Југослава Поленак, портпарол во „Комунална хигиена“.

Комуналците велат дека дивите собирачи потоа ја складираат амбалажата во напуштени објекти, како што е сега поранешната печатница „Гоце Делчев“.

- Освен тоа што насилно ги отвораат жичените контејнери, шишињата ги вадат и од контејнери за домашен смет, во кој може да се најде и медицински отпад. На тој начин самите се изложуваат на ризик да заболат и да прошират епидемија - објаснуваат од „Комунална хигиена“, која бара градските и општинските инспектори малку повеќе да се ангажираат околу овој проблем.

Од градската комунална инспекција велат дека со Законот за јавната чистота се предвидени казни од 50 евра за оние што ги оштетуваат садовите во кои се собира отпад и за оние што го растураат ѓубрето од контејнерите.

Според Љубе Стојковски, раководител на Одделението за комунална инспекција, досега се казнети шесторица растурачи на отпад, кои се на извршување на општокорисна работа. Стојковски вели дека контејнерите се отвораат ноќе и затоа досега не се фатени прекршители за да бидат казнети поради овој прекршок.

Деновиве треба да заврши поставувањето на жичените контејнери во основните училишта и по општините на територијата на Скопје. На територијата на целиот град ќе бидат поставени вкупно 130 жичени контејнери за ПЕТ-амбалажа.

Проектот за рециклирање пластика е финансиран од УСАИД и е вреден 1,2 милион долари. Тој е спроведен во партнерство со општините, како и со јавните или приватните претпријатија. Во рамките на проектот се иницираа програми за собирање пластичен отпад и се основаа клубови за рециклирање во основните училишта. Опремени се и еколошки острови и беа поддржани осум компании за рециклирање со соодветна опрема. **(А.П.)** ■

## Во ноември собрани два тона пластика и 3,5 тони хартија

Според податоците од ЈП „Комунална хигиена“, во ноември се собрани вкупно 1.980 килограми ПЕТ-амбалажа и 3.640 килограми хартија. Селекцијата на отпадот почна да функционира во општината Карпош пред речиси една година, каде што веќе има 60 т.н. еколошки острови.

Во населбите Тафталиџе 1 и Тафталиџе 2 и во Влае, системот на селекција на отпадот функционира во индивидуалните домаќинства, каде што се делат сини и жолти кеси. Во сините се селектира хартија, а во жолтите ПЕТ-амбалажа.

# Камери ќе ги чуваат јавните објекти во Ѓ. Петров

Општина Ѓорче Петров ќе постави камери во јавните објекти што се во нејзина сопственост. Идејата е да се врши мониторинг на објектите и да се заштитат од кражби. Општината за поголема ефикасност ќе ангажира и физичко обезбедување.

- Поставувањето камери и обезбедувањето на објектите се идеја на градоначалникот. Се случуваше дворовите на градинките и школите да бидат собиралишта на зависници од дрога и алкохол. Исто така, имаше и неколку обиди за кражби во месните заедници. Затоа се решивме на овој чекор - ни изјави Момо Николовски, портпарол на Општината.

Според Николовски, обезбедувани ќе бидат сите јавни објекти, како и оние што ги изградила и ги гради Општината. Освен поставувањето камери, ќе има и физичко обезбедување. Општината веќе склучила договор со фирмата „Водно-Ас“.

- На тендерот што беше распишан, најповолни услови понуди фирмата „Водно-Ас“. Според договорот, таа ќе биде обврзана да врши обезбедување на сите јавни објекти, а за тоа ќе ангажира 18 лица - вели Николовски.

Физичкото обезбедување во училиштата и градинките ќе биде во три смени, а во спортските сали тоа ќе биде ноќно. Трошоците ќе ги покрие Општината, која не соопштува колку ќе чини овој зафат.

Со овој проект, освен на училиштата и градинките, се очекува физичко и мониторинг-обезбедување да се врши и на водоводот во селото Кучково, потоа на Реонскиот парк, депонијата во Ново Село, урбаните и месните заедници...

**(Д.Т.)** ■